РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-857/2
21-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на ден 16.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по пријава со број 12-2541/1 од 23.09.2025 година, со наводи за сомневање против В.Д. директорот на Клиничката Болница „------------- -------------" -----------, --------------- и поранешни директори, поради сомневање за незаконско работење во претходните пет години, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за постапување во предметниот случај, поради тоа што постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-2541/1 од 23.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

ДКСК постапува по предмет оформен по анонимна пријава со број 12-2541/1 од 23.09.2025 година поднесена против лицето --------- -------------, В.Д. директор на Клиничката Болница „----------------------" ------------ и поранешни директори, со наводи за сомневање за незаконско работење на горенаведеното лице во предходните пет години, периодот кога истото било вработено како лекар во клиничката болница.
Во пријавата се наведува дека последните пет години пријавеното лице требало да работи во смени но, истото не било присутно на работното место а остварило приходи од плата за работа во смена, без да оди на работа и да ги извршува своите работни обврски. Воедно, се наведува и дека пријавеното лице требовало и материјали кои не ги користело. Подносителот наведува и дека изнесените наводи можеле да се потврдат и со увид во системот „Мој термин", каде било видливо дека горенаведеното лице во периодот кога

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

требало да работи во смени, нема прегледано ниту еден пациент од причина што немало закажано термини за преглед на пациенти.
Во насока на проверка на пријавените наводи и утврдување на фактичката состојба во предметниот случај, ДКСК побара информации и податоци од Министерството за здравство и Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

По разгледување на целокупната документација во предметот, ДКСК го констатира следното:
Државниот санитарен и здравствен инспекторат постапил за предметниот случај, по добиена анонимна претставка, по што извршил вонреден надзор во ЈЗУ Клиничкка болница „-----------------------“ ------------ и бил изготвен Записник за извршен инспекциски надзор заведен со бр.------------- од 22.10.2025 година, во кој се наведува дека од фактичката состојба констатирана од инспекторот не можеле да се потврдат наводите во претставката.

Министерството за здравство известува дека за случајот бил извршен надзор и во прилог го доставува Записникот за извршен инспекциски надзор заведен со бр.---------- од 22.10.2025 година изготвен од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.
Во прилог на Известувањето од Министерството за здравство, доставен е допис од Основното Јавно Обвинителство, во кој се наведува дека во ОЈО --------- бил оформен предмет со бр.-----/---- по кривична пријава поднесена против пријавеното лице за истиот предметен случај. При постапувањето на надлежното обвинителство предметот по предметната кривична пријава бил затворен поради тоа што се утврдило дека се работи за нејасни наводи а за дел од нив обвинителството извршило проверки при кои не биле утврдени неправилности, поради што во конкретниот случај не можело да се утврди дека е сторено кривично дело за кое гонењето се презема по службена должност.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека за конкретниот случај постапиле други надлежни органи, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш, Член на ДКСК